HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS

# МЕСЕЧНИК ЗА СОСТОЈБИТЕ СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

ЈУНИ

2025

# МЕСЕЧНИК ЗА СОСТОЈБИТЕ СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

**Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Содржината е единствена одговорност на Хелсиншкиот комитет за човекови права Скопје и не ги отсликува ставовите на Европската Унија.**

Funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Фундаменталните човекови права на прво место: Активен придонес за владеење на правото

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Содржината на овој продукт е единствена одговорност на Хелсиншкиот комитет за човекови права и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА

01

вовед

02

говор на омраза

03

дела од омраза

04

родово базирано насилство и семејно насилство

05

затворени институции

06

бесплатна правна помош

# ВОВЕД

На почетокот на јуни, во Собранието на Република Северна Македонија во процедура на разгледување беше ставен предлог-закон за прогласување на просторот околу Собранието за безбедносна зона. Овој предлог-закон беше поднесен по скратена постапка. По тој повод, Хелсиншкиот комитет за човекови права предупреди дека обидот на Собранието да го ограничи правото на јавен собир, протест или манифестации пред и во близина на зградата на Собранието ќе има штетни последици за човековите права и слободи. Комитетот побара итно повлекување на ваквиот текст на предлог-законот, а претставниците на граѓаните во законодавниот дом при носење на законите секогаш да внимаваат на непречено и загарантирано уживање на човековите права и слободи.

Шестата по ред Парада на гордоста/Скопје Прајд се одржа на 21 јуни. Националната мрежа против хомофобија и трансфобија одлучи Скопје Прајд да добие нова рута - симболично и буквално, и да не биде прослава, туку протест, без забавна програма, само отпор. Мотото на Парадата на гордоста во Скопје за 2025 година гласеше „Ќе (оп)стоиме заедно!“

# ВОВЕД

Јуни, месецот на гордоста, и одржувањето на Парадата на гордоста и оваа година на површина ги извадија предрасудите и стигмата насочени кон ЛГБТИ заедницата. Говорот на омраза беше забележан на социјалните мрежи во коментарите под објавите за одржување на Парадата што поттикнуваа и повикуваа на насилство врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет.
За овие случаи, Хелсиншкиот комитет за човекови права поднесе две кривични пријави до Министерството за внатрешни работи.

Во текот на јуни се одржа заеднички состанок на Хелсиншкиот комитет со Македонското здружение на млади правници, Управата за извршување санкции, Воспитно-поправниот дом Волковија, Заводот за социјални дејности, Народниот правобранител, Адвокатската комора на РСМ, Државниот совет за превенција на детско престапништво и правда за деца и УНИЦЕФ, на кој се потврди заедничката заложба за систем каде што секое дете ќе има еднакви шанси, еднаква заштита и достоинствен третман.

# ВОВЕД

Во јуни, на социјалните мрежи се појави вознемирувачко видео со физичко насилство врз четиригодишно дете, проследено со фотографија на која се видливи повредите на неговото лице и на телото. Хелсиншкиот комитет најостро го осуди овој чин и побара најстрога казна за сторителот на насилство врз детето, како и засилена институционална заштита на најранливите членови на општеството.

Истовремено, упати апел до јавноста да се воздржи од споделување лични податоци, фотографии и информации за детето жртва на насилство, особено на интернет и на социјалните мрежи, затоа што дури и кога е водено од добра намера или сочувство, ваквото споделување може да предизвика дополнителна траума, стигматизација и долгорочни психолошки последици врз детето.

На крајот на јуни беа презентирани резултатите од обезбедената правна и параправна помош на вкупно 383 жени, вклучително и случаи каде што беа ангажирани адвокати за судско застапување на жртвите во периодот од јули 2024 до март 2025 година.

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ЈУНИ 2025

Во текот на јуни 2025 година, на веб-платформата www.govornaomraza.mk беа регистрирани вкупно 8 случаи, од кои 4 (44 %) врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет и 2 случаи (22 %) врз национална основа, кои содржат елементи на говор на омраза, поттикнување и повикување на дискриминација и вознемирување.

Месецот на гордоста и одржувањето на Парадата на гордоста и оваа година на површина ги извади предрасудите и стигмата насочена кон ЛГБТИ заедницата. Говорот на омраза беше забележан на социјалните мрежи во коментарите под објавите за одржување на Парадата што поттикнуваа и повикуваа на насилство врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет.
За овие случаи, Хелсиншкиот комитет за човекови права поднесе две кривични пријави до Министерството за внатрешни работи.

# ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО ЈУНИ 2025




*На платформата се регистрирани 8 оригинални случаи на говор на омраза, а кај дел од случаите се регистрирани повеќе од една заштитна карактеристика.

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - 2025 ГОДИНА

## ЗАКЛУЧОК

**Регистрираните случаи на говор на омраза во јуни 2025 година повторно укажуваат на загрижувачкиот тренд на засилени напади врз ЛГБТИ заедницата, особено во контекст на месецот на гордоста и одржувањето на Парадата на гордоста. Најголем дел од содржините се појавуваат на социјалните мрежи, каде што повиците на насилство и дискриминација ја потврдуваат перзистентноста на предрасудите и стигмата во јавниот дискурс. Поднесувањето кривични пријави е значаен чекор, но бројките и содржините покажуваат дека е неопходно систематско и посилно институционално дејствување. заедницата и сите ранливи и маргинализирани групи.**

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - 2025 ГОДИНА

## ПРЕПОРАКА

**Се препорачува засилена соработка помеѓу институциите, граѓанските организации и медиумите со цел подобра и побрза реакција на говорот на омраза на интернет, ефикасно процесирање на пријавите за поттикнување насилство и дискриминација, како и спроведување континуирани кампањи за едукација и подигнување на јавната свест за правата и достоинството на ЛГБТИ заедницата и сите ранливи и маргинализирани групи.**

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ЈУНИ 2025 ГОДИНА

Во текот на јуни 2025 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права регистрираше 4 потенцијални инциденти со пристрасен мотив, од кои за најголем дел, во согласност со другите индикатори (локација, начин на извршување, инволвираност на малолетници и средношколци и сл.), постои разумно верување дека се сторени поради етничката припадност на жртвата, односно на сторителот. Имено, станува збор за 3 потенцијални инциденти врз основа на етничка припадност и еден инцидент врз основа на верско уверување. Според видот на насилството, сите инциденти содржат насилство. Во сите случаи, како жртви или сторители се јавуваат малолетници.

Потенцијалните инциденти се вклучени во извештајот затоа што се поврзани со ситуации каде што според другите индикатори постои основа за верување дека овие инциденти се пристрасно мотивирани. Меѓу овие пристрасни индикатори се перцепција на жртва/сведок; коментирање на самото место; разликата помеѓу жртвата и сторителот на етничка основа; модел/зачестеност на претходни инциденти; природа на насилството; отсуство на други мотиви; и место и време. Поточно, потенцијалните инциденти се вклучени во овој извештај поради добиените информации за местото (пример: етнички мешана населба или училиште, автобуски линии користени од припадници на различни етнички заедници, места каде што во минатото се случувале злосторства од омраза), видот (пример: поголема група малолетници напаѓаат една или повеќе жртви без никаква провокација, групни пресметки, напади во автобуси или на автобуски постојки), времето (пример: по претходни пресметки како форма на одмазда, по училиште, за време или по спортски натпревар) и оштетениот имот за време на инцидентот (пример: места на религиозни обреди).

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ЈУНИ 2025 ГОДИНА

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

1. Етнички и верски мотивираното насилство меѓу младите останува сериозен предизвик. Анализата на потенцијалните инциденти во јуни 2025 година покажува дека младите, особено малолетниците, сè почесто се инволвирани во насилни инциденти со елементи на етничка или верска пристрасност. Ова укажува на постојаните тензии во мултиетнички средини и недостигот на ефективни превентивни мерки во образовниот и општествениот систем.
2. И покрај постоењето на индикатори што упатуваат на пристрасен мотив, инцидентите не се третираат секогаш како злосторства од омраза. Ова покажува потреба од поголема обученост и сензибилизација на институциите за препознавање и процесирање вакви дела.

- Потребно е воведување едукативни програми за интеркултурна толеранција, ненасилна комуникација и справување со предрасуди, со активна вклученост на ученици, наставници и родители.
- Институциите треба системски да бидат обучени да ги препознаваат пристрасните индикатори и да постапуваат согласно законската рамка, со цел обезбедување правична и ефикасна заштита на жртвите.

# СОСТОЈБАТА СО ЗАТВОРЕНИТЕ ИНСТИТУЦИИ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ЈУНИ 2025 ГОДИНА

**Состојбата во затворените институции**

**Период: јуни 2025 г.**

**1. Општ преглед на активностите**

Во текот на јуни 2025 година, Хелсиншкиот комитет обезбеди бесплатна правна помош за осудени лица во три предмети.

- Два предмета: Здравствена заштита и безбедност на осудено лице
- Еден предмет: Предвремено отпуштање од казнено-поправна установа

**2. Краток преглед на обезбедени правни услуги**

- Преглед на законската регулатива и дадени правни совети на осудените лица и нивните семејства
- Поднесени барања за слободен пристап до информации до надлежните институции
- Обезбедени правни информации, совети и упатувања на клиентите

**4. Заклучоци и препораки**

- Подобрување на условите за медицинска грижа преку обезбедување квалификуван медицински персонал, редовни здравствени прегледи и ефикасни механизми за пријавување и решавање здравствени проблеми
- Поттикнување и проширување на примената на алтернативни мерки, особено условен отпуст со заштитен надзор, со цел намалување на пренатрупаноста, подобрување на ресоцијализацијата и рационално користење на ресурсите.

# БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ – ЈУНИ 2025 ГОДИНА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | | |
|---|---|---|
| **БПП** | **30** | |
| **СПП** | **1** | |
| **Вкупно** | **31** | |
| | Број | **Проценти** |
| **Пол** | | |
| Мажи | 13 | **42** |
| Жени | 18 | **58** |
| **Етничка припадност** | | |
| Македонци | 26 | **835** |
| Албанци | 2 | **65** |
| Роми | 3 | **10** |
| Турци | 0 | **0** |
| **Географски региони** | | |
| Скопски | 23 | **745** |
| Вардарски | 1 | **3** |
| Полошки | 0 | **0** |
| Пелагониски | 2 | **65** |
| Југозападен | 0 | **0** |
| Североисточен | 2 | **65** |
| Источен | 1 | **3** |
| Југоисточен | 2 | **65** |

# БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ – ЈУНИ 2025 ГОДИНА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

| Правни области | Број | **Проценти** |
|---|---|---|
| Имотно право | 4 | **13** |
| Социјална заштита и осигурување | 2 | **65** |
| Заштита на деца | 2 | **65** |
| Пензиско и инвалидско | 1 | **3** |
| Здравствено осигурување и | 0 | **0** |
| Работни односи | 10 | **33** |
| Родово базирано и семејно насилство | 1 | **3** |
| Статусни прашања | 1 | **3** |
| Заштита на човековите права | 6 | **19** |
| Други | 4 | **13** |

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ СПП - ЗАСТАПУВАЊЕ ВО СУДСКА ПОСТАПКА ЗА ПАРИЧНИ ПОБАРУВАЊА ОД РАБОТЕН ОДНОС

Во текот на јуни 2025 година, секој трет барател на бесплатна правна помош до Хелсиншкиот комитет за човекови права се обрати за правен совет од областа на работните односи. Овој висок процент се должи на низа повреди и прекршувања на работничките права на кои се пожалија барателите, како на пример: работодавачот не исплатил целосно плата, не уплатил придонеси од плата или не исплатил надоместоци согласно закон, колективен договор и договор за вработување; на работниците не им е врачен примерок од договорите за вработување (член 15 став (3)); работодавачот им наложил на работниците да вршат други работни задачи спротивно на закон (член 30); работодавачот не обезбедил услови за безбедност на животот и здравјето на работниците (член 42 од ЗРО), не ги запознал со мерките за безбедност и здравје при работа и не ги обучил за нивната примена согласно прописите за безбедност и здравје при работа (член 32 од ЗРО); работодавачот не ги почитува отказните рокови (член 89 од ЗРО); работодавачот не исплатил целосно плата, не уплатил придонеси од плата и не исплатил надоместоци согласно закон, колективен договор и договор за вработување (член од 105 од ЗРО); работодавачот не му обезбедил на работникот неделен и годишен одмор согласно закон,

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ СПП - ЗАСТАПУВАЊЕ ВО СУДСКА ПОСТАПКА ЗА ПАРИЧНИ ПОБАРУВАЊА ОД РАБОТЕН ОДНОС

не исплатил надоместок за годишен одмор, не издал решенија за правото на користење годишен одмор; работодавачот им наредил на работниците да работат со подолго работно време од полното работно време, а притоа не водел или неправилно водел евиденција за работното време и за прекувремената работа, не исплаќал бонус на плата и не го известил инспекторатот за воведување прекувремена работа (членови 116, 117, 119 и 120 од ЗРО); работодавачот не ги почитувал прописите за прераспределбата и распоредот на работното време (членови 123, 124 и 125).

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ СПП - ЗАСТАПУВАЊЕ ВО СУДСКА ПОСТАПКА ЗА ПАРИЧНИ ПОБАРУВАЊА ОД РАБОТЕН ОДНОС

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**Поголемиот дел од барателите што се пожалија на повреди на нивните работнички права истакнаа дека работодавачот не исплатил целосно плата, не уплатил придонеси од плата или не исплатил надоместоци согласно закон, колективен договор и договор за вработување. Од наша страна, овие работниците беа упатени да поведат работен спор, имајќи предвид дека натамошното остварување на нивните права се остварува по судски пат. Сепак, имајќи предвид дека овие работници претходно биле вработени и дека во последните 6 месеци сепак имале приходи по основ на плата, најголемиот дел од барателите не ги исполнуваа условите за одобрување на секундарната правна помош.**

**Поради сето погоре наведено, повторно препорачуваме законски измени во насока на олеснување на условите за приход при одобрување СПП, особено за работници што во моментот на поднесување на барањето за одобрување СПП се невработени, без други приходи.**